До Државната комисија за спречување на корупцијата преку web формата на доставено е Барање на мислење, во врска со тоа дали настанува судир на интереси во ситуација кога лице  именувано како член на Управниот одбор на проектот – Самовработување со кредитирање и проектот – Кредитирање на правни субјекти (микро, мали и средни претпријатија), за отварање на нови работни места со Одлука за изменување на Одлуката за формирање на Управен одбор на проектот – Самовработување со кредитирање и проектот – Кредитирање на правни субјекти (микро, мали и средни претпријатија), за отварање на нови работни места  од страна на Владата на РСМ, исто така  лицето е именувано за вршење на функцијата член на Советот за образование на возрасните со Решение за именување донесено од страна на Владата на РСМ.

Исто така, во барањето за мислење е наведено дека лицето поднело Изјава за имотна состојба и интереси и промена на имотната состојба и интересите за вршење на функцијата член на Управен одбор на проектот – Самовработување со кредитирање и проектот – Кредитирање на правни субјекти (микро, мали и средни претпријатија), за отварање на нови работни места и дали лицето има обврска да поднесете Изјава за имотна состојба и интереси за вршење на функцијата член на Советот за образование на возрасните.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно предвидените забрани и ограничувања во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, како и одредбите кои го регулираат постапувањето во случај на постоење судир на интереси од истиот закон, не постои ограничување лицето покрај тоа што ја извршува функцијата член на

Советот за образование на возрасните да бидете именувано како член на Управниот одбор на проектот – Самовработување со кредитирање и проектот – Кредитирање на правни субјекти (микро, мали и средни претпријатија), за отварање на нови работни места.

Државната комисија укажува дека во натамошното извршување на функцијата член на Советот за образование на возрасните во својство на службено лице треба да го почитува Начелото на интегритет:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.

**Заменик претседател,**

**м-р Цвета Ристовска**